**20260290411**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 96 од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија” бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.274/22, 255/24 и 59/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 февруари 2026 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ПРОШИРЕНА РЕПРОДУКЦИЈА НА ШУМИТЕ ЗА 2026 ГОДИНА

I

Со оваа програма, согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 253/25), Раздел 14001 - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 2 - Шумарство, Потпрограма 20 – Шумарство, Ставка 485 – Вложувања и нефинансиски средства, се утврдува изворот и износот на средствата, видот и обемот на работите и мерките кои ќе се финансираат, извршителите на работите, како и начинот на исплата на средствата за извршени работи во 2026 година.

II

За извршување на работите и мерките од дел I од оваа програма, се утврдува изворот и износот на средствата и тоа:

| Ред. број | Извор | Износ (денари) |
|---|---|---|
| 1. | Буџет на Република Северна Македонија | 17.000.000,00 |
| Вкупно: | | 17.000.000,00 |

III

Средствата од дел II од оваа програма во износ од 17.000.000,00 денари ќе се користат за следните работи/мерки:

| Ред. бр. | Вид на работа / мерка | Извршител | Количина и единечна мерка | Цена по единечна мерка (денари) | Износ (денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Отстранување на последиците од шумски пожари на површина поголема од 50 ха во рамките на една шумскостопанска единица преку вештачка обнова - пошумување со садници | ЈП „Национални шуми“ | 60 ха | 142.560,00 | 8.553.600,00 |
| 2. | Превентивна заштита на шумите и шумските култури преку организирана Извештајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП служба) | Факултет за шумарски науки | / | / | 1.235.995,64 |
| 3. | Неизмирени обврски од Програмата за проширена репродукција на шумите за 2025 година за: | / | / | / | / |
| 3.1. | Пошумување на голини и ерозивни земјишта во приватна сопственост | Сопственик на шуми во приватна сопственост | 1,0 ха | 85.000,00 | 85.000,00 |
| 3.2. | Отстранување на последиците од шумски пожари на површина поголема од 50 ха во рамките на една шумскостопанска единица преку вештачка обнова со: | ЈП „Национални шуми“ | | | |
| | 1.1 пошумување со садници | | 14.9 ха | 142.560,00 | 2.124.144,00 |
| | 1.2 пошумување со семе (подсејување) | | 53.76 ха | 70.836,00 | 3.808.143,36 |
| 3.3. | Превентивна заштита на шумите и шумските култури преку организирана Извештајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП служба) | Факултет за шумарски науки | | 1.193.117,00 | 1.193.117,00 |
| Вкупно: | | | | | 17.000.000,00 |

Отстранување на последиците од шумски пожари од точка 1 од табелата на овој дел, ќе се врши на површина поголема од 50 ха во рамките на една шумскостопанска единица преку вештачка обнова со пошумување со садници.

За реализација на мерката од точка 1 од табелата на овој дел, извршителот на работите до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство доставува посебна оперативно - стручна програма за секоја шумскостопанска единица или КО во која се наведува:

- надлежна подружница на која што територија ќе се изврши пошумувањето,
- шумскостопанска единица или КО,
- оддел/пододдел или локалитетот, место викано, (КО/КП), со површина,
- услови на месторастење,
- стопанска класа,
- опожарена површина (ха),
- податоци за настанатата штета (целосно, делумно),
- санирање (состојба со чистење на површините од опожарена дрвна маса),
- површина за пошумување (ха),
- обемот и видот на работата,
- техниката на пошумување,
- листа на видови за пошумување со садници и
- времето на реализација на работите и други битни податоци околу пошумувањето.

Превентивна заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетници од точка 2 од табелата на овој дел, ќе се врши со превентивна заштита на шумите и шумските култури од потенцијални штетници кои можат да загрозат поголеми шумски простори, организирана преку Извештајно дијагнозно прогнозната служба (ИДП служба) за шумите во Република Северна Македонија. Факултетот за шумарски науки до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе достави прелиминарен Извештај за здравствената состојба на шумите во Република Северна Македонија за 2026 година до 5 декември 2026 година и финален Извештај за здравствената состојба на шумите во Република Северна Македонија за 2026 година со предлог мерки за понатамошно делување до 31 јануари 2027 година.

Средствата за неизмирени обврски од точка 3 потточка 3.1. од табелата на овој дел, ќе се исплатат на сопственик на шуми во приватна сопственост како извршител на работите, врз основ на склучениот договор од Програмата за проширена репродукција на шумите за 2025 година и записник за извршени работи доставен од државен инспектор за шумарство и ловство.

Средствата за неизмирени обврски од точка 3 потточка 3.2. од табелата на овој дел, ќе се исплатат на Јавното претпријатие „Национални шуми“ како извршител на работите, врз основ на склучениот договор од Програмата за проширена репродукција на шумите за 2025 година и записник за извршени работи доставен од државен инспектор за шумарство и ловство.

Средствата за неизмирени обврски од точка 3 потточка 3.3. од табелата на овој дел, ќе се исплатат на Факултетот за шумарски науки како извршител на работите, врз основ на склучениот договор од Програмата за проширена репродукција на шумите за 2025 година и доставен прелиминарен Извештај за здравствената состојба на шумите во Република Северна Македонија за 2025 година до 5 декември 2025 година.

IV

Исплата на средствата за реализација на работите од дел III од оваа програма, ќе се врши врз основа на склучени договори помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и извршителите на работите врз основа на документација за извршени работи.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на извршителите на работите од точка 2 од табелата од дел III од оваа програма, за вршење на теренски увиди на локалитети на цела територија на Република Северна Македонија за следење на здравствената состојба на шумите и шумските култури од болести и штетници, ќе им исплати аванс во висина од 30% од утврдената сума, по потпишување на договорот.

Во случај на неисполнување на активностите за кои авансно се исплатуваат средствата, извршителот на работите добиените средства ги враќа во Буџетот на Република Северна Македонија на начин утврден во договорот.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-348/6
10 февруари 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.